# Living the Lotus

## Buddhism in Everyday Life

8
2024
VOL. 227







**Leaders in North America Study the Lotus Sutra with Dr. Dominick Scarangello, Translator of the Revised Edition of *Buddhism for Today,* Revised Edition, at the Los Angeles Dharma Center**

Living the Lotus
Vol. 227 (Август 2024)

Објавено од Ришо Косеи Каи
Фумон Медиа Центер, 2-7-1 Вада,
Сугинами-Ку, Токио, 166-8537 Јапонија
Тел: +81-3-5341-1124
Факс: +81-3-5341-1124
Имејл: living.the.lotus.rk-international@kosei-kai.or.jp
Сениор Едитор: Кеиицх Акагава
Едитор: Сачи Микава
Цопс Едитор: Александар Димовски
Уредувачкиот тим на Меѓународното Ришо Косеи Каи

Ришо Косеи Каи е световна Будистичка организација чија света списа е Тројната Лотос Сутра. Таа била создадена од Основачот Никјо Нивано и Ко-основачот Мјоко Наганума во 1938. Оваа организација е составена од обични луѓе и Жени кои имаат верба во Будата и стремат да ја збогатат нивната духовност преку примена на неговите учења во секојдневниот живот. И во локалните заедници и на меѓународно ниво, ние, под водството на Претседателот Ничико Нивано сме многу активни во промовирање на мир и благосостојба преку алтруистички активности и соработка со други организации.

Насловот на овој билтен, Живеејќи го Лотосот- Будизам во секојдневниот живот, ја пренесува нашата надеж за стремење кон практикување на учењата на Лотос Сутрата во секојдневниот живот во несовршен свет за да ги збогатиме и направиме нашите животи повредни за живеење, како што убавите лотосови цвеќиња цветаат во калливо езерце. Овој билтен има за цел да им помогне на луѓето насекаде во светот да го применат Будизмот полесно во нивните секојдневни животи.

# Сите од нас ќе одат во ‘Нашиот роденград’

Поч. Ничико Нивано
Претседател, Ришо Косеи-каи



## Кога Основачот Нивано влезе во Нирвана

Суттата Нипата – за која е речено дека една од најстарите записи на Будистичката мисла – содржи секција насловена ‘Расправа кон Браманот Касибхарадваја,’ во која Шакјамуни зборува одредени стихови кон браманот кои јас ги цитирав во мојата книга, *Култивирајќи го будистичкото срце*. Во *Живеејќи го Лотосот* оваа година, ние се осврнавме на нашата ревносна пракса и исправната состојба на нашите умови. Основата за правење така е најдено во оваа расправа, во завршните стихови во кои се чита: ‘Вака треба да се култивирате, / И да ја изразите наградата на бесмртност.’ Прошлиот месец, јас ја заклучив мојата дискусија за смислата на човечкиот живот преку прашање до вас да мислите што ‘бесмртноста’ ви значат на вас. Во оваа насока, јас би сакал да ги изразам моите искрени мисли за смртта, но пред да направам така, јас би сакал да ви кажам на вас за финалните моменти на Основачот Нивано.

Во 10:34 а.м. на 4-ти Октомври, 1999, мојот татко Никјо Нивано, кој беше исто така основачот на Ришо Косеи-каи, почина. Со членовите на фамилијата кои формираа круг околу креветот на Основачот Нивано и водачите на Ришо Косеи-каи кои го набљудуваа од пристојно растојание, тој мирно го напушти овој живот. Неколку минути пред тоа, јас ја држев десната рака на Основачот додека тој лежеше во кревет со неговите очи склопени, кога неговите очи се отворија широко. Тој полека гледаше околу кон сите од нас кои бевме околу неговиот кревет, како да сака да размени последен поздрав со секоја личност таму. И во моментот кога тој ги затвори неговите очи повторно, пред ние да знаеме, Основачот го зема неговиот последен здив.

## Што е бесмртност?

‘Мојот роден град - / Тоа е местото од каде што дојдов. / Мојот роден град - / Тоа е местото / Каде што ќе се вратам.’ Ова е поемата од Јошио Тои (1912-91) дека, за долго време, јас сакав да ја рецитирам. Како што јас спомнав во изданието од последниот месец, ние човечките битија добивме животи кои ќе се вратат кон ‘на шиот роден град’ – едната голема животна сила која продолжува да тече напред и

напред, како голема река која се простира од далечното минато кон вечната иднина. И јас мислам дека кога ние го прифаќаме ова, нашата вознемиреност заради смртта се олеснува.

Повеќе од тоа, зборувајќи од моето сопствено искуство, кога јас видов со моите сопствени очи како Основачот мирно се врати кон родниот град на човечкиот живот, јас си помислив во себеси ‘Хм, кога моето време ќе дојде, јас се надевам дека јас ќе бидам способен да умрам на тој начин,’ и почуствував како да ја имам стекнато способноста смирено да ја прифатам смртта. Финалните моменти на Основачот, кои изгледаа така идеални, ми предадоа на мене награда на бесмртност, во смисол дека јас го надминав стравот од смртта.

‘Бесмртност’ не значи дека ние нема да умреме. Во моето разбирање ‘наградата на бесмртност’ е знаење дека бесмртноста значи мир на умот кој доаѓа од слободата од страдање кое произлегува од залудно посакување на нешто кое нема никогаш да се случи, како сакање да се живее вечно.

Преку проучување на Будините учења, ние можеме да достигнеме вистинска награда на бесмртност. На пример, ние ја трансцедентираме смртта преку запишување врз нашите умови на учењето на непостојаност. И ние правиме така преку прифаќање дека смртта е еден дел од функционирањето на природата, во која сите нешта постојано се креваат, исчезнуваат и менуваат. Во прилог, Лотос Сутрата објаснува дека Будиниот животен век е така неизмерно долг, дека е вечен. Кога ние го прифаќаме и разбираме ова учење, ние имаме мир на умот, знаејќи дека ние ќе продолжиме да живееме вечно, дури откако ќе умреме, заради тоа што ние - чија најдлабока суштина е буда природата – сме едно со неизмерно големиот живот на будата. Понатаму, Дамапада подучува дека ‘преку ревносно применување на себеси, вие достигнувате состојба на бесмртност.’ Преку продолжување да практикувате ревносно и никогаш да не ги запоставувате дури и најмалите детали од  вашиот секојдневен живот, вашите дела, како што Хајиме Накамура (1912-99) го изразува тоа ‘продолжува да го шири нивното влијание преку ланецост на многу причини и последици, и никогаш не умира.’

Со други зборови, нашите секојдневни дела, посебно нашите бодисатва практикувања, продолжуваат да имаат влијание кое се проширува далеку над времето и просторот. Заради начинот на кој вие го живеете животот и го манифестирате вашиот личен интегритет ќе продолжи да живее во умовите и меморијата на луѓето, јас верувам дека ова создава друг вид на бесмртност.

Јас сум благодарен дека живеам шест години повеќе од возраста на која Шакјамуни починал. И јас мислам дека бивајќи сведок на влегувањето во Нирвана на Основачот и знаејќи ја наградата на бесмртност, не постои поголема среќа отколку да се биде способен смирено да си кажам себеси, ‘Во ред е ако, во било кое време, ти се вратиш во родниот град на човечкиот живот.’

(Од *Косеи*, Август   2024)



# Станувајќи членови на Ришо Косеи-каи

## Подобрување на себеси преку Тобан* праксата (Волунтирајќи при Дарма Центарот)

Волунтирањето при Големата Света Сала или Дарма центарот, како што е служење на олтарот, пречекувајќи ги посетителите на влезот со нашите дланки склопени со почит, и чистењето на објектот, е наречено Тобан пракса.

Членовите го практикуваат тоа не заради што им е кажано од некој друг, но затоа што тие се чувствуваат задоволни да го практикуваат тоа заради само-усовршување. Поздравувањето на посетителите е пракса на почитување на другите луѓе, и чистењето е пракса на расчистувањето на валканотиите во нашите умови.

Кога ние учествуваме во било која пракса на Ришо Косеи-каи, ние секогаш го негуваме умот на смиреност преку ценење на можноста да им служиме на другите.







**Дали знаевте?**

Во Ришо Косеи-каи, ние често употребуваме фрази како сасете итадаку, што значи ‘јас со задоволство правам нешто’. Ова е фраза која ние ја изговараме кога правиме нешто во корист на другите за да ја изразиме нашата добра волја во служењето на нив. Ова исто така го изразува нашиот ум на почитување на Будата и другите луѓе, и на станување смирен наместо арогантен.

* Секоја репродукција или реобјавување на оваа содржина е забранета освен репродукции за лична, некомерцијална, и информативна употреба.

## Живеејќи со еко-пријателски стил




Вие можете да ги знаете зборовите ‘глобално затоплување.’ Затоа што луѓето воделе удобни стилови на живот без да се грижат за природната околина, глобалните температури растат. Затоа што ние сме благословени со Земјата, ние треба да водиме грижа за природната околина.

Будата нé подучува нас да не убиваме живи битија кога тоа не е неопходно и да не трошиме нешта. Ако вие фрлите молив или тетратка кои се сеуште употребливи, вие ја трошите шумата од која се тие направени.

Секој од нас мора да размислува дали правиме еко-пријателски дела.




**Дали знаевте?**

Следниве се примери на нешта кои ние можеме да ги направиме да ги ублажиме климатските промени: да ја кренеме температурата на клима уредот за еден степен и да ја симнеме температурата на греењето за еден степен; да го намалиме времето на гледање телевизија; да носиме торби за пазарење кои можат повторно да се употребат; да ја исклучуваме струјата од електричните уреди почесто; и да употребуваме вода од капење за чистење на алиштата. Ајде да ги примениме овие работи веднаш.

# Нашата длабока поврзаност со Будата

## Ние сме луѓе кои имаме почитувано безбројни буди

Поч. Никјо Новано
Основачот, Ришо Косеи-каи



На пример, во поглавје 3 на Лотос Сутрата, ‘Парабола,’ кога Шакјамуни дава уверение за будаство на Шарипутра, еден од десетте големи верници, кој бил наречен ‘најпрв во мудрост,’ тој ја објаснил кармичката поврзаност со Шарипутра од минатите животи: ‘Шарипутра, многу одамна јас те подучував да стремиш кон Буда Патот.’

Исто, во пасусот за уверението за будаство дадено на Ананда, кој служел како придружник на Шакјамуни за многу години, Шакјамуни рекол: ‘Добри деца, Ананда го издигнал стремежот кон Врвно Совршено Разбудување во истото време кога јас го направив тоа, кога ние бевме заедно во присуството на будата Крал на Празнината. Ананда секогаш беше задоволен со слушање и учење, додека јас секогаш правев ревносен напор во практикување. Заради оваа причина, јас имам веќе достигнато Врвно Совршено Разбудување’ (Лотос Сутрата, поглавје 9, ‘Уверение дадено на тренирани и сеуште под тренинг’). При слушнувањето на тие зборови, Ананда веднаш се потсетил на големиот завет кој

го направил во неговиот минат живот.

Не се само големите верници како Шарипутра и Ананда кои се поврзани со Будата на ваков начин преку драгоцени ‘кармички врски’ од минати животи. Истото е со нас. Ние, исто така, ја имаме секогаш негувано желбата да го сретнеме Будата секогаш кога сме биле преродени.

Во ‘Дарма учителите’ поглавјето на Лотос Сутрата, Будата го објаснува тоа на следниот начин: ‘Вие треба да знаете, Медицински Кралу, дека таквите луѓе имаат веќе оддадено почит кон десет илјади милиони буди и го имаат комплетирано големиот завет во присуство на тие буди. Од сочуство за живите битија, тие ќе бидат родени во ова човечко царство.’

Ова е екстремно значаен пасус.

‘Таквите луѓе’ (се мисли на нас) се тие кои, во нивните минати животи, го направиле бодисатва заветот да почитуваат бескрајни броеви на буди и да ослободат безбројни живи битија. Иако тие би можеле да бидат родени во чиста земја, Шакјамуни објаснува дека заради сочуство за страдалните битија во овој свет исполнет со тешкотии, тие биле родени во ова човечко кралство исполнето со тешкотии.

Во реалноста, ние имаме целосно заборавено за таквите минати животи. Сепак, иако ние можеби сме го заборавиле тоа, мемориите на тие минати животи се впишано негде во нашите срца.

Во познат пример, уште од раѓање, ние  имаме научено за сите видови на нешта од многу луѓе. Веројатно е дека ние имаме научено многу нешта не само од нашите родители но исто така од учителите во основно и средно школо исто како и од постарите членови на заедницата. Нормално е за нас да ги имаме целосно заборавено тие учења, но во одреден случај, ние можеме да се потсетиме, ох, јас се сеќавам дека сум научил такво нешто од таква личност.

Нашите кармичка поврзаност со Будата е слична, но тоа е нешто дури подлабоко. И дури и да се случи да го имате заборавено тоа, доаѓа време кога условите созреваат, и вие осознавате дека вие сте поврзани со Будата преку драгоцена кармичка врска.

Гледано на овој начин, причината заради која вие сега ги сретнувате Будините учења и ревносно го практикувате Будистичкиот пат е заради кармичката поврзаност која вие сте ја имале со Будата во минат живот. Вие сте поединци кои имате акумулирано такви заслуги. Јас се надевам дека вие длабоко ќе го ценете ова од дното на вашите срца.

И ако вие го правите тоа, вие без сомнеж ќе чувствувате неизразлив мир на умот знаејќ и дека, како што јас постојано велам, ‘Будата е секогаш на ваша страна, кој бдее нас вас.’






## A Global Buddhist Movement




Information about local Dharma centers

facebook

X

Ние ги сметаме за добродојдени коментарите на нашиот билтен Живеејќи го Лотосот :
living.the.lotus.rk-international@kosei-kai.or.jp